РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-3187/1
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1813/1 од 23.06.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службено возило од страна на Проф. д-р ----, поранешен директор на ---- - Скопје, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи наводите од пријавата не се потврдуваат

Предметот со број 12-1813/1 од 23.06.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на ----, на ден 23.06.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службено возило од страна на Проф.д-р ----, поранешен директор на ----- Скопје по што е оформен предмет со број 12-1813/1 од 23.06.2025 година.
Имено, до ---- била доставена претставка со наводи за сомневања за неправилности во работењето на ---- – Скопје кои укажуваат дека директорот на ---- со определени вработени ја злоупотребил службената должност на начин што ги користел службените возила надвор од службените потреби, за лични и приватни цели.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително, во пријавата се посочува дека лицата ---- – шеф на сметководство и ---- – секретар, иако ги исполниле условите за старосна пензија, се уште доаѓале во работните простории и работеле.
---- ја достави пријавата до ДКСК заради надлежно постапување и утврдување на фактичката состојба во врска со наводите.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до ---- – Скопје, и од увидот во доставената документација се констатира следното:
Начинот на регулирање на користењето на службените возила се спроведувала согласно донесена интерна процедура, во која било уредено дека возилата се користат по претходно поднесено барање за потреба од користење службено возило. Во прилог се доставени и патните налози за бараниот период, од увидот во истите произлегува дека за службените патувања во бараниот период се издадени соодветни патни налози.
Дополнително, директорот доставил писмена изјава во која наведува дека службеното возило не го користел за приватни цели.
Во однос на наводите дека лицата ---- – шеф на сметководство, и лицето ---- – секретар, кои иако ги исполниле услови за старосна пензија, се уште доаѓале во работните простории и ги извршувале работните задачи, од доставената документација не е утврдено дека лицата ---- и ---- се работно ангажирани во ----. Утврдено е дека во текот на 2025 година ----има склучено договори на дело со други лица, кои не се наведените лица во пријавата.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите изнесени во пријавата,поради што нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.К. советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., член на ДКСК
Доставено до:
-подносителот на пријавата